СОРАБОТКА НА СЕКТОРИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТИКА И БЕЗБЕДНОСТ СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА – (НЕ)ПРИЈАТЕЛИ?

analytica
thinking laboratory...

ЗОШТО СОРАБОТКАТА Е ВАЖНА



- ГО = корективна улога во демократијата
- ГО нудат бесплатна експертиза и препораки засновани врз независни истражувања
- Сектори за енергетика (Министерство за економија – МЕ, Агенција за енергетика – АЕ) и безбедност (Министерство за внатрешни работи – МВР, Министерство за одбрана - МО) = традиционално затворени сектори
- Веќе постои Стратегија за соработка на Владата со невладиниот сектор

ШТО МИСЛАТ ИНСТИТУЦИИТЕ




"Соработката е важна и функционира"
"Отворени сме за соработка, но немаме доволно капацитети"
"Не ги познаваме доволно ГО во нашите области"

ШТО МИСЛАТ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ (ГО)



"Тешко стапуваме во контакт со институциите и тоа го правиме преку лични контакти"
"Доцна ги добиваме документите за анализа, а препораките ретко се земаат во предвид"
"Не добиваме повратна информација од институциите"

КАКО ТРЕБА ДА БИДЕ



- Јавни расправи за важни закони и општествени прашања од сите области
- Вклучување на ГО во работни групи при изработка на закони
- Отворени, транспарентни и отчетни институции, достапни за комуникација
- Начело на заемна доверба и партнерство
- Користење на современите технологии - онлајн консултации преку www.ener.gov.mk и www.e-demokratija.gov.mk

ЗОШТО НЕ Е ТАКА



- Сектори за енергетика и безбедност се позатворени за соработка со ГО од другите сектори
- Соработката е површна – нема рано вклучување на ГО во процесот на креирање политики и нема повратни информации по дадено мислење на ГО
- Недостаток на капацитети за соработка – ГО немаат доволно експертиза и се непрепознатливи по профил, а секторите немаат доволно човечки капацитет и имаат лоша бирократска поставеност

ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ



До ГО: • Да применуваат подиректен контакт со институциите
• Да градат експертиза, кредибилитет и видливост во една или неколку области
• Да се здружат тематски при соработка со институциите

До МЕ, АЕ, МВР и МО: • Да постават формулар за пријавување на ГО на своите интернет страни
• Да обезбедат еден службеник со доволно време и ресурси за соработка со ГО

Проектот е дел од ТРАИН програмата финансиран од Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија (Пакт за стабилност на Југоисточна Европа) и раководен од Германскиот совет за надворешни односи (ДГАП).
Автори на истражувањето и постерот: Ана Стојиловска и Магдалена Лембовска, истражувачи, Аналитика
Дизајн на постерот: Мухсин Ѓулер, дизајнер, Аналитика